Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13,42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 171/22),
Општина Ѓорче Петров, на ден __________ 2023 год. донесе:

# Одлука
# за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планско – проектната документација **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Семејни куќи за времен престој – викенд куќи, на КП 2938, КО Кучково, Општина Ѓорче Петров**, која се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ ќе има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – Семејни куќи за времен престој – викенд куќи, на КП 2938, КО Кучково, Општина Ѓорче Петров**, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: со планско – проектната документација која се донесува се врши уредување на просторот со површина од 0,43 ha, согласно важечката законска регулатива од областа на урбанизмот. Влијанијата врз животната средина од реализацијата на овој плански документ, не би биле од таков обем да се пропишуваат посебни мерки во планирањето, туку урбанистичко – техничките мерки ќе се применат при изработка на основните проекти за градбите.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

Број 09-1394/1

од 11.07, 2023 година

Скопје

**Александар Стојкоски**

**Изработил:**
Д.Ш.Георгиевска д.и.а.
**Контролирал:**
Е. Ќулумоска, д.и.а.
**Одобрил:**
Ф. Ефтимов д.и.а.